Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-243/1
27-04-2022 година

Имајќи ја во предвид фактичката состојба, домашната и меѓународната регулатива, судската пракса на ЕСЧП и анализата на релевантните институции и организации во Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на Член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација упатува

## ОПШТА ПРЕПОРАКА

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација препорачува на општините и нивните реонска јавни претпријатија кои работат во областа на комуналните дејности, да обезбедат пристап до чиста вода на целата територија каде што се месно надлежни. Доколку постојат законски пречки за редовен приклучок до вода преку водоснабдителната мрежа на општината, надлежните власти треба преку соодветни начини врз основа на меѓународна пракса да обезбедат непосреден пристап до вода на овие населби во кои најчесто живеат социјално ранливи категории на граѓани како што е ромската етничка заедница. Препораката е во насока на еднаков пристап до вода на сите граѓани и спречување на можна идна дискриминација што недостигот на вода може да го предизвика во областите на образование, здравје, вработување и пристап до јавни добра и услуги.

Постојаниот и долготрајниот недостаток на пристап до безбедна вода за пиење, по својата природа, може да има негативни последици по здравјето и човечкото достоинство ефективно, притоа, негативно да влијае на приватниот живот и уживањето во домот во смисла на Член 8 од Европската конвенција за човекови права. Неповолната положба на Ромите која е последица на системска дискриминација уште од минатото, ја прави оваа заедница социјално маргинализирана во споредба со станатите. Следствено, немањето на соодветен пристап до чиста вода е **поголема неповолност** во однос на исполнување на законската рамка во поглед на исполнување на услови за легализација на нивните домови и приклучок до јавните мрежи за водоснабдување. Имајќи го во предвид фактот што пристапот до вода директно влијае на секојдневните обврски во смисла на одење на работа, на училиште, одржување на хигиена, намалување на ризик од болести и слично, државниот апарат мора да најде начин да обезбеди чиста вода на хуманитарна основа. Откако основните потреби ќе бидат исполнети, тогаш секој човек може да се стреми кон инклузија во општеството а со тоа исполнување на граѓанските обврски, во овој случај, исполнување на законските критериуми и процедури за легализација на живеалиште и легален приклучок до вода. Следствено, анулирајќи ја негативната состојба, ќе се намалат и случаите на дискриминација кон ромската етничка заедница особено во областите на образование, пристап до јавни добра и услуги и вработување, случаи во кои претходно Комисијата има утврдено дискриминација од различни актери во општеството. Во насока на изнаоѓање на решение на предметниот проблем, може да се земе примерот за

Словенија каде што во ромски населби, државата има обезбедено резервоар за вода како привремено решение за што не се потребни големи финансиски ресурси. Ваквото решение може да обезбеди минимум достоинство и задоволување на најосновни потреби на секој човек. Нереагирање на општината и локалното комунално претпријатие во насока на задоволување на овие основни потреби може да резултира со појавување на заразни болести како што се хепатитис и жолтица во разните маргинализирани населби. Светската пандемија предизвикана од КОВИД-19 дополнително ја отежнува положбата на сите семејства кои немаат пристап до чиста вода и секоја ваква околност го зголемува ризикот на зголемување на смртноста кај населението кое има пократок животен век од останатото население.[1]

Во Член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација стои: **Се забранува** секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен и

Во Член 6 од ЗСЗД стои: **Дискриминација е** секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

Правото на пристап до вода е основно човеково право и е основна за човечкото достоинство. Уставот на Р. Северна Македонија во Член 1, став 1, предвидува на Р. Северна Македонија е суверена, самостојна, демократска и **социјална** држава додека во Член 8, став 1 како темелни вредности се предвидува дека основните слободи и права на човекот и граѓанинот се признати со меѓународното право и утврдени со Уставот. Со резолуцијата на Генералното собрание на Обединетите нации A/Res/64/292 од 28 јули 2010 година, пристапот до безбедна вода за пиење и санитација е признат како самостојно човеково право.

Во Општ коментар бр. 15 (2002) - Право на вода (чл. 11 и 12 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права)[2] издаден од Економско-социјалниот совет на Обединетите нации, се наведува дека објектите и услугите за вода мора да бидат достапни за сите, вклучително и најранливите или најмаргинализираните делови од населението, законски и фактички, без дискриминација по која било од забранетите основи. Дополнително треба се обезбеди правото на пристап до вода и водни објекти и услуги на недискриминаторска основа, особено за **обесправените или**

[1] https://minorityrights.org/wp-content/uploads/2018/11/MRG_Brief_Mac_MAC_Nov18.pdf
[2] https://www.undocs.org/e/c.12/2002/11

**маргинализираните групи** а државите членки треба да ја почитуваат, заштитат, олеснуваат и промовираат работата на застапниците за човекови права и другите членови на граѓанското општество со цел да им помогнат на ранливите или маргинализираните групи во остварувањето на нивното право на вода.

Во поглед на домашната судска пракса, Апелациониот суд во Битола во предметот ГЖ-1671/19 утврди дискриминација сторена од страна на Општина Прилеп и ЈКП Водовод и канализација во областа на пристап до вода и канализација за граѓани Роми. Имено, согласно пресудата, Обврска на општината, согласно Законот за локалната самоуправа - чл.22 т.4, е „вршење на работите во делот на комуналните дејности, односно снабдувањето со вода за пиење, испорака на технолошката вода и одведувањето и прочистувањето на отпадните води, па во таа смисла општината мора да презема мерки во поглед на снабдувањето со водата за пиење." Јавното комунално претпријатие преку водоснабдителниот систем е должен да обезбедува трајно и непрекинато обезбедување со трајна и чиста вода за пиење и тоа е дејност од јавен интерес, а предвидено во чл.3 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

Во поглед на пресудите на Европскиот суд за човекови права, на 10 март 2020 година, судот во Стразбур ја донесе својата пресуда во Hudorovic et al. против Словенија (прил. бр. 24816/14 и 25140/14). Случајот се однесува на две поплаки од ромски семејства кои со децении живеат во неформални населби без пристап до вода, канализација, канализација и струја. Иако судот не утврдува дискриминација, сепак во предвид го зема фактот што иако населението живеело во нелегализирани населби, општината со помош на државата креирале привремено решение во насока на обезбедување на резервоар за вода кој населението го користело за секојдневни потреби. Во таа насока, Судот тврди дека Член 8 на Европската конвенција за човекови права наметнува обврски на државите да обезбедат пристап до чиста вода.

Скопје
08.04.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев